Јавно претпријатие за комунални дејности
и облагородување на природните ресурси
"ЕРЕМЈА" - ВЕВЧАНИ
Бр. 03-67/8
25.02 2013 год.
ВЕВЧАНИ

Врз основа на член 19 и 29 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12), Управниот одбор на јавното претпријатие за комунални дејности и облагородување на природните ресурси „Еремја“ Вевчани, на седницата одржана на ден 25.02.2013 година донесе пречистен текст на:

# *С Т А Т У Т*

**На јавното претпријатие за комунални дејности и облагородување на природните ресурси „Еремја“ Вевчани**

## I Основни одредби

**Чл 1**

Со овој Статут поблиску се уредуваат: организацијата, управувањето и раководењето со претпријатието, дејноста, општите акти и постапката за нивно донесување, информирањето, планирањето, заштитата и унапредувањето на животната средина, како и други прашања од значење за јавното претпријатие за комунални дејности.

**Чл. 2**

Јавното претпријатие за комунални дејности и облагородување на природните ресурси „Еремја“ Вевчани ( во натамошниот текст јавно претпријатие за комунални дејности) се основа заради вршење на дејност од комуналната област од јавен интерес, а која е незамислив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Вевчани.

Јавното претпријатие за комунални дејности има својство на правно лице со своја ж-сметка, а за извршените и превземените обврски во правниот промет одговара со сиот свој имот – со целосна одговорност.

## II Основање

**Чл. 3**

Советот на Општина Вевчани со одлука бр. 08-23/2 од 09.07.1997 година го основа јавното претпријатие за комунални дејности и облагородување на природните ресурси „Еремја“ Вевчани.

## III Дејност, фирма, седиште, печат и штембил на претпријатието

### Дејност

**Чл. 4**

Јавното претпријатие за комунални дејности во рамките на својот делокруг на работење ги врши следните дејности:

- 02.10 Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарство
- 08.10 Вадење на камен, песок и глина
- 23.52 Производство на вар и гипс
- 35.20 Производство на гас; дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи
- 35.30 Снабдување со пареа и климатизација
- 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода
- 37.00 Отстранување на отпадни води
- 38.00 Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад; обновување на материјали
- 39.00 Дејност за санација и останати услуги на управување со отпад
- 41.00 Изградба на згради
- 42.00 Нискоградба
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти
- 43.00 Специјализирани градежни дејности
- 49.30 Друг патнички копнен транспорт
- 49.40 Товарен патен транспорт и услуги за преселување
- 81.20 Дејности на чистење
- 96.03 Погребни и слични дејности
- 96.09 Оста́нати лични услужни дејности, неспоменати на друго место

**Чл. 5**

Јавното претпријатие за комунални дејности може да ја промени дејноста со:

- Проширување на дејноста
- Воведување нови дејности
- Укинување на одделни дејности

За сите погоре наведени промени одлучува надлежниот орган во претпријатието, а за дејностите од јавен интерес, надлежниот орган при основачот на претпријатието, на предлог од управниот одбор.

**Фирма**

**Чл. 6**

Полното име на фирмата на претпријатието гласи: Јавно претпријатие за комунални дејности и облагородување на природните ресурси „Еремја“ Вевчани.

Скратената фирма гласи: ЈП „Еремја“ Вевчани.

**Седиште**

**Чл. 7**

Седиштето на јавното претпријатие за комунални дејности е во Вевчани.

**Печат и штембил**

**Чл. 8**

Јавното претпријатие за комунални дејности има свој печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 3 см со текст испишан на кирилица (печатни букви) со фирмата на претпријатието.

**Чл. 9**

Штембилот на јавното претпријатие за комунални дејности има правоаголна форма со димензии 5x2,5 см на кој е испишана фирмата на седиштето на претпријатието.

**Чл. 10**

Начинот на употреба, ракување, чување и злоупотребата на печатот и штембилот е регулиран со посебен Закон и акт на претпријатието.

**IV Органи на претпријатието**

**Чл. 11**

Органи на јавното претпријатие за комунални дејности се:

- Управен одбор
- Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење и
- Директор

**1. Управен одбор**

**Чл. 12**

Управниот одбор на јавното претпријатие за комунални дејности се состои од пет членови од кои:

- Три членови делегирани од оснивачот
- Два членови се од бројот на вработените во претпријатието

**Чл. 13**

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор неможе да биде подолг од 4 години.

Членот на Управниот одбор неможе да има лично, преку трето лице или по било кој основ, интереси во претпријатието.

Секој член на Управниот одбор, како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоење на ваков интерес, од страна на еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

Управниот одбор на јавното претпријатие за комунални дејности има ингеренции (овластување) да превзема мерки што се потребни и корисни за работата на јавното претпријатие за комунални дејности, во согласност со Закон.

**Чл. 14**

Управниот одбор на јавното претпријатие за комунални дејности ги врши следните работи:

1. Го донесува Статутот на јавното претпријатие за комунални дејности;
2. Одлучува за статусни и други промени во согласност со Законот;
3. Ја усвојува Програмата за работа и развој на јавното претпријатие за комунални дејности;
4. Ја утврдува деловната политика;
5. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето;
6. Одлучува за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие за комунални дејности и покривањето на загубите;
7. Донесува Одлука за инвестициони вложувања;
8. Ги утврдува цените на производите и услугите;
9. Одлучува за внатрешната организациона поставеност на јавното претпријатие за комунални дејности
10. Донесува програми, планови, одлуки и други акти од областа на одбраната;
11. Одлучува во втор степен по приговори;
12. Ги донесува актите на претпријатието;

13. Избира претседател и заменик претседател на Управниот одбор;
14. Ги разгледува предлозите;
15. Формира комисии;
16. Се грижи за известување на работниците за прашања од интерес на нивното одлучување и контрола на претпријатието;
17. Донесува и други одлуки за работата од својата надлежност утврдени со актот за основање со Закон, овој Статут и општите акти на претпријатието;
18. Врши и други работи утврдени со актот за основање со Закон, овој Статут и општите акти на претпријатието.

**Чл. 15**

Секој член на Управниот одбор при гласање има еден (1) глас.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

**Чл. 16**

Претседателот, заменик претседателот и членовите на Управниот одбор, несмеат да земаат заеми или гаранции за заеми, кој тие ги склучуле со трети лица.

Превземените дејствија, спротивно на став 1 од овој член се ништовни и без правни дејства.

## 2. Надзорен одбор за контрола на материјално-финансикото работење

**Чл. 17**

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие за комунални дејности се формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) до пет членови.

Членовите на Надзорниот одбор од став 1 од овој член, основачот со овој акт ги именува, односно ги разрешува.

За членови на Надзорниот одбор, може да се именуваат лица кои поседуваат знаење и искуство особено од обласата на финансиско-сметководствено работење.

Заради вршење на работите на контрола, Надзорниот одбор може да враши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие за комунални дејности. Надзорниот одбор може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие за комунални дејности да повика стручни лица кои ќе му помогнат во решавање на надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор, можат да присутствуваат на седниците на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат и на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор, задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаите за работа на јавното претпријатие за комунални дејности и по прегледувањето дава свое мислење до управниот одбор. Управниот одбор неможе да ги усвојува годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието, ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор неможе да биде подолг од четири години.

## 3. Директор

### Чл. 18

Со работата на јавното претпријатие за комунални дејности раководи директорот кој се избира на конкурс а го именува, односно разрешува Градоначалникот на Општина Вевчани.

### Чл. 19

Директорот се именува со мандат од четири години. За Директор на јавното претпријатие се иманува лице кое покрај општите услови предвидени со Закон треба да ги исполнува и следните посебни услови: да има виша или висока стручна спрема.

### Чл. 20

Директорот на јавното претпријатие за комунални дејности:

- Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците од Управниот одбор;
- Учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој и одговара за нејзиното реализирање;
- Учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употребата на средствата остварени со работењето на претпријатието;
- Врши усогласување на деловната политика на претпријатието;
- Врши иницијативни и креативни работи во врска со работењето на јавното претпријатие за комунални дејности;
- Ја организира работата и се гиржи за реализација на програмите и плановите за одбрана.

**Чл. 21**

Функцијата директор е неспоива ос функцијата пратеник во Собранието на РМ, функцијата претседател и член во Владата на РМ, како и член на Советот и Градоначалник на општината, на јавното претпријатие за комунални дејности основано од општината.

**Чл. 22**

Директорот на јавното претпријатие за комунални дејности, одговара за резултатите од работањето и за законитоста на работењето на ЈП за комунални дејности.

Одговорноста на директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за работни односи, колективните договори и КЗ на РМ.

**Чл. 23**

Директорот како застапник е овластен во рамките на дејноста на претпријатието да склучува договори и да потпишува одредени спогодби, како и да го застапува претпријатието пред судовите и другите органи.

За скучување одредени договори и спогодби кои се однесуваат на поголеми инвестициони вложувања за деловна технолошко-техничка соработка со домашни и странски фирми, истражување и развој, како и набавка и оттуѓување на основни средства, Директорот мора да побара согласност од Управниот одбор.

Работните задачи, задолженија и одговорности ќе бидат дадени со Правилникот за организација и систематизација на работни места.

**Чл. 24**

За одредени работи и работни задолженија, Директорот може да издава полномоштва во писмена форма на други стручни лица, а особено поради застапувањето пред судските и други органи.

Полномоштвото се издава во писмена форма, а може да се однесува за поединечни правни работи или одредени видови групни правни работи.

Полномошникот го застапува претпријатието само во границите на полномоштвото.

## 4. Совет на вработените

**Чл. 25**

Советот на вработените се избира од редот на вработените на предлог на Извршниот одбор на мнозинскиот синдикат со тајно гласање.

Советот брои пет членови.

Мандатот на членовите е 4 години.

**Чл. 26**

Членовите на советот неможат да бидат членови на органите на јавното претпријатие.

**Чл. 27**

Надлежност на Советот е да предлага членови на Управниот одбор од претпријатието од редот на вработените.

Дополнителните надлежности на Советот ќе се регулираат со измени и дополнување на Статутот во согласност со Закон.

## V Други органи и тела

**Чл. 28**

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во претпријатието се формираат помошни органи и тела како и комисии кои можат да бидат постојани и повремени.

Бројот на членовите на Комисиите изнесува 3-5 члена а нив ги избира Управниот одбор.

Комисиите од своите редови избираат претседател.

Комисиите ги свикува и со нив раководи претседателот.

Комисиите работат на седници и решаваат во прв степен.

**Чл. 29**

Директорот на претпријатието како свое советодавно тело, формира Стручен колегиум, кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Со колегиумот раководи и истиот го свикува Директорот на претпријатието.

## VI Акти на јавното претпријатие за комунални дејности

**Чл. 30**

Освен Статутот во претпријатието се донесуваат и следните општи акти:

- Правилник за организација и систематизација;
- Колективен договор;
- Други акти.

Актите во претпријатието мора да бидат во согласност со Статутот на претпријатието.

Сите општи акти на претпријатието стапуваат во сила осмиот ден од денот на донесувањето.

Толкување на општите акти дава Управниот одбор на претпријатието.

## VII Информирање на работниците

**Чл. 31**

Управниот одбор и директорот се одговорни за редовно, вистинито информирање на работниците за севкупното работење на претпријатието, за остварувањето и распределбата на добивката за располагањето, користењето и здружувањето на средствата, како и за другите прашања од значење за работата на работниците и на претпријатието во целина.

Работниците и единиците на локалната самоуправа, односно основачот, непосредноза работата на јавното претпријатие за комунални дејности се информираат преку членовите на Управниот одбор.

Работниците се информираат и преку огласната табла на претпријатието и други средства за информирање.

## VIII Програма за развој на работењето на претпријатието

**Чл. 32**

Со цел зголемување на добивката и развој на претпријатието се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

Програмата за работа и развој ја донесува Управниот одбор на предлог на директорот, кој, воедно е и одговорен за нејзина реализација.

## IX Одбрана

**Чл. 33**

Работниците во претпријатието имаат право и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од областа на цивилната заштита во согласност со Законот.

**Чл. 34**

Работниците во претпријатието ја остваруваат одбраната со организирање на работи и задачи од областа на одбраната со обезбедување на средства, донесување на акти, планови на одбрана и преземање на мерки во реализирање на плановите и програмите на одбраната.

## X Заштита и унапредување на животната средина

**Чл. 35**

Со цел заштита и унапредување на животната средина, Управниот одбор на претпријатието донесува програма, акти и соодветни одлуки и мерки, обезбедува средства за таа намена, а по потреба формира органи и задолжува поединци, кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките и мерките.

## XI Синдикат

### Услови за работа на синдикатот

**Чл. 36**

Јавното претпријатие за комунални дејности е должно да создаде услови за активноста на синдикатот во врска со заштита на правата на работниците од работен однос, утврдени со Закон и колективен договор.

Активноста на синдикатот во согласност со став 1 од овој член, не може да се спречи со акт на јавното претпријатие.

**Чл. 37**

На барање на синдикатот, јавното претпријатие за комунални дејности, доставува податоци и информации за овие прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба на синдикатот (работниците) и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на работниците.

На синдикалниот претставник му се овозможува непречено комуницирање со јавното претпријатие за комунални дејности или овластено лице, кога тоа е неопходно за остварување на функциите на синдикатот.

**Чл. 38**

Јавното претпријатие за комунални дејности обезбедува стручни, административни и технички услуги за работа на синдикатот за остварување на синдикалните функции, како и услови за наплата на членарината во договорот со надлежните органи на јавното претпријатие за комунални дејности.

**Чл. 39**

Претставникот на синдикалната организација има посебна заштита и неможе да биде повикан на одговорност, ниту доведен во понеповолна положба, вклучувајќи го и претставникот на неговиот работен однос поради членство во синдикатот или учество во синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците, ако постапува во согласност со Законот и Колективниот договор.

Посебната заштита на претставникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за синдикални активности согласно став 1 на овој член што ги презел на неговиот мандат.

**Чл. 40**

Претставникот на синдикалната организација, поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците неможе:

- Да биде распореден на друго место кај ист или друг работодавач;
- Да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ;
- Против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ.

**Чл. 41**

На претставникот на синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа на негово оспособување и ефикасно вршење на функциите на Синдикатот.

Начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот претставник се уредуваат со колективен договор на ниво на јавното претпријатие за комунални дејности.

**Чл. 42**

Член на синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на синдикатот, чие вршење бара привремено да престане од работа кај јавното претпријатие има право по престанувањето на функцијата што ја вршел да ја врати во јавното претпријатие за комунални дејности на работи и работни место кое одговара на неговата стручна подготовка, за што се склучува посебен договор со јавното претпријатие за комунални дејности.

**XII Штрајк**

**Чл. 43**

Работниците правото на штрајк го остваруваат согласно Закон и колективен договор на ниво на јавното претпријатие за комунални дејности.

**XIII Деловна тајна**

**Чл. 44**

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на претпријатието, поедини податоци од работењето и односите во јавното претпријатие за комунални дејности, претставуваат деловна тајна и можат да се соопштат на трети лица на начин пропишан со Закон и посебен акт.

**XIV Преодни и завршни одредби**

**Чл. 45**

Управниот одбор на јавното претпријатие за комунални дејности го донесува овој пречистен текст на Статутот на ден 25.02.2013 година.

**Чл. 46**

Статутот ќе се смета за донесен, ако за истиот гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор, а ќе стапи во сила откако ќе биде одобрен од страна на Советот на општина Вевчани.

**Чл. 47**

Измените и дополнувањата на овој Статут ќе ги врши Советот на општината на предлог на Управниот одбор.

Толкувањата на одредбите на овој Статут ќе ги дава Управниот одбор во консултација со правната служба.

**Чл.48**

Со влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи претходниот Статут од 01.03.2006 година.

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП „ЕРЕМЈА“ ВЕВЧАНИ
Претседател
Косте Мурџески

Јавно претпријатие ... ресурси
и облагородување ...
„ЕРЕМЈА“
Бр. 03-67/7
25.02 2013 год.
ВЕВЧАНИ

Врз основа на чл. 19 и 29 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на РМ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12), на седницата одржана на 25,02,2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За усвојување на пречистен текст на Статутот на јавното претпријатие за комунални дејности и облагородување на природните ресурси „Еремја“ Вевчани.

## Член 1

Се усвојува пречистениот текст на Статутот на јавното претпријатие за комунални дејности и облагородување на природни ресурси „Еремја“ Вевчани.

## Член 2

Оваа одлука стапува на сила после усвојувањето од страна на Советот на општина Вевчани.

УО на ЛП „Еремја“ Вевчани

Претседател:

Косте Мурџески